**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 ноември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,32 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата наскоро ќе почнеме со седницата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата затоа што наскоро ќе започнеме.

Ги молам службите да достават точен број за присуство на пратениците.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Дами и господа пратеници, ја отворам 78-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубчо Георгиевски, Лилјана Поповска, Цветанка Иванова, Лазар Китановски, Илинка Митрева, Радмила Шекеринска, Анита Кипаризовска Крстевска, Данаил Дончев, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Флора Кадриу ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат доволен број пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записникот од 73-тата седница на Собранието ви е доставен.

Дали некој има забелешки на записникот?

Овде има пријавени пет, но претпоставувам дека се процедурални.

Дали од овие пет пријавени има со забелешка за записникот? (нема)

Констатирам дека Записникот од 73-тата седница на Собранието на Република Македонија е усвоен без забелешки.

Ако дозволите ќе ве известам и за оставките, па ќе минеме на процедурални интервенции.

Во врска со оставките не верувам дека има пријавени? (нема)

Ве известувам дека господин Махмуд Јусуфи, поднесе оставка на функцијата судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Согласно член 111 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија господинот Махмуд Јусуфи, судија на Уставниот суд на Република Македонија може да ја образложи оставката во траење од 15 минути.

До моментот не сум известен дека господинот Махмуд Јусуфи има намера да ја образложи оставката на седницата на Собранието.

Констатирам дека согласно член 111 став 4 од Уставот на Република Македонија на господинот Махмуд Јусуфи му престанува функцијата судија на Уствaниот суд на Република Македонија.

Ве известувам дека господин Бајрам Положани, поднесе оставка на функцијата судија на Уставниот суд на Република Македонија и дека нема усно да ја образложи поднесената оставка.

Констатирам дека согласно член 111 став 4 од Уставот на Република Македонија на господинот Бајрам Положани му престанува функцијата судија на Уствaниот суд на Република Македонија.

Ве известувам дека господин Драгољуб Арсовски, поднесе оставка на функцијата Главен државен ревизор и дека нема усно да ја образложи поднесената оставка.

Констатирам дека согласно член 111 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија на Главниот државен ревизор господин Драгољуб Арсовски му престанува мандатот.

Ве известувам дека госпоѓа Рокса Георгиевска поднесе оставка на функцијата заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и дека нема усно да ја образложи поднесената оставка.

Констатирам дека на госпоѓата Рокса Георгиевска и престанува функцијата заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

Пред да го предложам дневниот ред има збор господин Рафис Алити, процедурално, се надевам, така ли?

**Рафис Алити:** Почитувани пратеници, почитувани пратенички, во име на парламентарната група на ДУИ бараме оваа седница со овој дневен ред да не се одржи. Бараме да се одржи итна седница за настаните на Шар Планина и околината на Тетово.

**Љубиша Георгиевски:** Само еден момент, се извинувам господине Алити...

**Рафис Алити:** Ние бараме да има итна седница затоа што под претекст на барање на две лица за кои имало потерница преземена е полициско-воена акција зајакната со парамилитарци, при тоа се убиени шест лица од кои четири се цивилни лица. Исто така, се притворени тринаесет жители на Бродец кои се невини и злоупотребата на воено-полициските формации почнала од селото Бродец од местото на настанот каде се почнати тие настани кон тие тринаесет лица.

Доказ за ова е самото тоа што го кажуваат самите граѓани или жители на Бродец, доказ за тоа е и тоа што лицата не се упатени во затвор каде треба да се продолжи со натамошни испитувања, туку се испратени на Државната клиника во Скопје и тоа во многу лоша

здравствена состојба, што значи дека и во текот на нивното патување или упатување кон клиниката се вршело насилство.

Нашите информации говорат дека и лицата кои се изнесени од Државната болница се упатени во затворот во Шутка, при тоа се тепани пред други присутни лица во затворот во Шутка за што тие лица кои не се однесувале во согласност со законот да преземат одговорност за тоа.

Истовремено ние тврдиме дека во текот на испитувањето од страна на судијата или истражниот судија не е дозволено на средствата за информирање, како што е вообичаено...(без вклучен микрофон претседателот на Собранието го опоменува пратеникот затоа што се истечени трите минути за процедурално) ве молам да не ме прекинувате... вие го прекршивте Деловникот и Уставот сто пати. Јас мислам дека треба да бидете поодговорен и да покажете малку човечки сенс или чувство за настаните што се случија.

Велам дека и во текот на упатувањето на тие лица од затворот во Шутка до истражниот судија не се дозволувало средствата за информирање да учествуваат, да снимаат и да видат во каква здравствена состојба се наоѓаат тие лица.

На крајот би ве замолил сите пратеници, без оглед на која парламентарна група и припаѓате да покажете барем човечки сенс или чувство да се одржи итната седница која ја бараме така како што се одржа итна седница за случајот Ваксинце, за случајот Танушевци. Мислам дека сме тука присутни да ги застапуваме интересите на граѓаните, а најголем интерес на граѓаните во овој случај е да расправаме околу тоа што се случи во село Бродец. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Предлогот на господинот Рафис Алити за одржуање на итна седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале се на се 68 пратеници, за гласале 12, воздржано 5, против 51 пратеник.

Според тоа, предлогот на господинот Рафис Алити е одбиен.

Повелете Јани Макрадули,

(Пратеникот Макрадули бара прво да се прочита дневниот ред, па после да се даваат процедурални)

Добро, процедурални беа, во ред.

Процедурално пак господин Рафис Алити

(Реакција од пратениците дека нема право на повторно процедурално, бараат прво да се прочита дневниот ред)

После дневниот ред пак Алити.

За денешната седница е предложен следниот дневен ред:

1.Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словачка за соработка и заеман помош по царински прашања, со Предлог на закон;

(Пратеникот Рафис Алити е излезен на говорница и бара процедурално)

После ова пак ќе добиете.

2.Предлог за донесување на закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигуравање, со Предлог на закон;

3.Предлог за донесување на закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, со Предлог на закон;

(Реакција од пратеникот Рафис Алити)

Ќе ви дадам збор.

4.Предлог за донесување на закон за аудиовизуелните добра;

5.Предлог за донесување на закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка;

6.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за политичките партии, со Предлог на закон;

7.Предлог за донесување на закон за печатот на Република Македонија и печатите на државните органи, со Предлог на закон;

8.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи, со Предлог на закон;

9.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог на закон;

10.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата, со Предлог на закон;

11.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, со Предлог на закон;

12.Предлог за донесување на закон за прогласување на локалитетот “Куклица” за споменик на природата, со Предлог на закон;

13.Предлог за одлука за огласување именување на заменик-јавен обвинител на Република Македонија, заменици на јавни обвинители во виши јавни обвинителста, јавни обвинители во основни јавни обвинителства и заменици на јавните обвинители;

14.Интерпелација за работата на заменикот на министерот за внатрешни работи, господин Рафет Елмази;

15.Предлог за избор на член на Судскиот совет на Република Македонија;

16.Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, со Предлог на закон;

17.Предлог за донесување на закон за социјална заштита од енергетска сиромаштија, со Предлог на закон;

18.Барање за давање автентично толкување на членовите 154, 155, 156 и 162 од Законот за сопственост и други стварни права и членовите 200 и 203 од Законот за парнична постапка, поднесено од пратеникот Анета Стефановска;

19. Барање за давање автентично толкување на член 68 став 2 и член 69 став 2 од Законот за основното образование, поднесено од пратенико Весна Бендевска;

20. Барање за давање автентично толкување на член 25 став 1 точка 6 од Законот за даноците на имот, поднесено од пратеникот Андреј Жерновски;

21. Барање за давање автентично толкување на член 122 став 3 од Законот за сопственост и други стварни права, поднесено од пратеникот Андреј Жерновски;

22. Барање за давање автентично толкување на член 1 став 4 точка 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности, поднесено од Советот на општина Делчево;

23. Барање за давање автентично толкување на член 31 став 1 алинеја 12 од Законот за пратениците, поднесено од пратеникот Цветанка Иванова;

24. Барање за давање автентично толкување на член 81 ставови 5, 6 и 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, поднесено од пратеникот Лилјана Поповска и

25. Барање за давање автентично толкување на член 8 став 1  од Изборниот законик, поднесено од Советот на општина Пробиштип.

Повелете господине Алити имате три минути процедурално.

**Рафис Алити:** Јас во име на парламентарнат група на ДУИ барам еден час пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Во име на пратеничката група на ДУИ господинот Рафис Алити побара еден час пауза која ќе почне после утврдувањето на дневниот ред.

(Реакција од страна на пратеникот Алити)

Врз основа на што барате сега?

Уште нема за што да се дискутира ни да се мисли. Откако ќе го предложам дневниот ред после ќе добиете збор.

Дали има некој предлог за изменување и допонување на предложениот дневен ред?

Господинот Јани Макрадули, повелете три минути процедурално.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, иако согласно Деловникот, кога бара пратеничка група пауза треба да добие, бидејки денешната седница почна со барање од еден час пауза, по барање на НСДП, така да не гледам зошто правите дискриминација.

Согласно член 44во посебна глава е уредена интерпелацијата во Деловникот за работа и во Уставот на Република Македонија.

На 15 октомври пратеничката група на СДСМ до Собранието, односно до вас достави интерпелација за работата на министерот за економија Вера Рафајловска, меѓу другото, поврзано и со продажбата на ТЕЦ Неготино и со катастрофалната енергетска политика што во овој момент се води во Република Македонија.

Согласно Деловникот на Собранието 15 дена до лицето до кое што е упатена интерпелацијата, треба да достави извештај. Министерот за економија не го удостои Собранието со свој извештај, што е согласно Деловникот и дозволено.

Согласно член 44 став 2, да потсетам дека тоа истекува на 30 ноември. Согласно член 44 став 2, ако извештајот не се поднесе во рокот утврден со членот 43 на овој Деловник, а тоа е 30 октомври, интерпелацијата се става на дневен ред на првата наредна седница. Бидејки после утврдениот рок од 15 дена за одговор, изминаа на 9 ноември, 10 дена од времето кога требаше да стигне извештајот, денеска вие бевте должни по член 66 да ја ставите интерпелацијата за работата на министерот за економија Вера Рафајловска на оваа седница, бидејки оваа е првата наредна седница, после рокот што истече на 9 ноември.

Затоа претседателе барам да го почитувате Деловникот, членовите 43 и 44 и на првата наредна седница после истекот на рокот, а тоа е 9 ноември, кога истече рокот, а денеска сме 12 ноември, да ја ставите интерпелацијата за работата на министерот за економија Вера Рафајловска.

**Љубиша Георгиевски:** По однос на првата ваша забелешка, треба да кажам дека ова беше договорено на координација, на која што ја договоаравме оваа седница и вчера и денес потврдено за еден час пролонгирање, затоа што се работи за релевантен предлог. Се е договорено на координација. Жалам што на координација не присуствуваше претставник на ДУИ, иако беше двапти уредно поканет. Но тоа е првиот дел за двојниот аршин што ми замерувате. Тоа не е двоен аршин, туку договор на координација.

По однос на вториот дел, оваа седница е закажана на 29 октомври 2007 година. Значи, веќе наредната седница беше закажана, а по однос на членовите, субјектот, член 43, субјектот на кого му е поставена интерпелацијата има право да достави писмен извештај до претседателот на Собранието, најдоцна во рок

од 15 дена од денот на приемот на интерпелацијата. Ако извештајот, член 44, ако извештајот не се поднесе во рокот утврден во членот 43 на овој Деловник, како што е во случајот, интерпелацијата се става на дневен ред на првата наредна седница на Собранието.

Првата наредна седница кога се закажува.

(Реакции од место)

Тоа е и логично затоа што не можеме да додаваме точка на дневен ред. Мора да измине рокот.

**Јани Макрадули:** Не е деловнички, нема логика.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејки ова е спорно извесно време, се потрудив да ја најдам традицијата на Парламентот.

Традицијата на овој Парламент говори следното: Интерпелација за работата на министерот за надворешни работи, госпоѓа Илинка Митрева, поднесен од ВМРО-ДПМНЕ, разгледување на 94-та седница 20 и 21.04.2005 година. Не е прифатена. Примена е на 21.01.2005 година.

Интерпелација на работата на министерот за правда Мери Младеновска Ѓорѓиевска поднесена од ВМРО-НП, ставена е на дневен ред на 97-та седница, шесто продолжение, на 14 октомври 2005 година, или 40-то место. Интерпелацијата е повлечена. Примена е на 23.03. Шест месеци чекала интерпелацијата. А ова не чека шест. Интерпелација за работата на министерот за здравство, господин Владо Димов, ставена е на дневен ред на 129-та седница, или 20, не е дојдена на дискусија. Значи, не стигнала на дискусија. Интерпелација која е ставена редовно на дневен ред.

Според тоа, и традицијата, а и читањето на службите на овие два члена се согласуваат.

**Јани Макрадули:** Што има врска тоа?

**Љубиша Георгиевски:** Има врска.

Господине Игор Ивановски, повелете.

Се разбира дека на наредната седница ќе биде ставена.

**Игор Ивановски:** Господине претседателе, вие и вашата партија одамна сте скарани, не само со логиката, туку и со здравиот разум и ова кое што вие го кажавте ...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам ова ви е прва опомена, да не го навредувате претседавачот.

**Игор Ивановски:** Господине претседателе вие го кршите Уставот и за тоа примате плата и си седите комотно во оваа фотеља. Тоа е недозволено господине претседателе и ова веќе ги поминува сите нормални и здраво разумски граници. Ова за што сакам да ја дадам мојата процедурална забелешка е исто и во тој контекст. На крајот на месец август СДСМ побара седница на која што ќе се расправа за купопродажниот договор за ОКР и последиците од неа. До ден денешен, вие господине претседателе таа седница ја немате закажано. Во меѓувреме, се случуваат многу работи и апсолутно влегувате во сценариото на Груевски, зтоа што го има својот потпис на договорите кои што и даваат привелигиран аположба на ОКТА, а со тоа и огромна штета на Република Македонија. Не сакате да ја ставите оваа седница, или да ја закажете.

На 17 август, Владата изјавува дека ќе се жали на одлуката на Парискиот Суд, со која што македонската Влада има обврска да плати 53 милијона 44 илјади и 492 американски долари соодветни казни. Ќе изјави владиниот портпарол кој што е специјализиран за соопштување на лаги, дека е формиран експертски тим, кој што го предводи Зоран Ставрески, Вера Рафајловска и во кој што има таканаречени правни експерти, кои што треба да ја подготват жалбата на македонската Влада за оваа одлука која што паѓа на товар на граѓаните. Денеска сме ж12 ноември, слушнавме дкеа Владата одлучила да не се жали, да не ја поднесе жалбата до Парискиот Суд и немаме никаква информација што сработеа во овие изминати два месеца, таканаречениот владино-експертски тим. Очигледно, тие имаат само за цел да ја забошутат целата работа и истата екипа на чело со Никола Груевски, кој што го направи штетниот договор, а по барање на Љубчо Георгиевски, сега е ставена во позиција директно да преговара и да се договара со грчката страна.

По написите во медиумите можеме да констатираме дека грчкиот преговарач најавува дека со македонската Влада ќе се договори тифко и лесно и ќе извојува победа.

Јасни се концепциите што по објавувањето на пресудата на македонската Влада и е дадена ОКТА, во делот на екологијата, во делот на квалитетот на горивата, со повлекувањето на својата одлука. Колку пати македонската Влада треба да капитулира, притоа цената да ја платат македонските граѓани со своите пари од Буџетот.

Затоа, ова е последна опомена до вас, а не вие дадавате опомени. Барам на оваа седница да се стави посебна точка на дневен ред, која што ќе гласи: “Информација за купопродажен договор за ОКРА и последиците од неа”. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За ваша информација дадено е во редовна процедура барање до Владата да изнесе свое мислење. Тоа барање го чекаме, но ако предлагате интервенција во дневниот ред, го ставам на гласање предлогот на господинот Игор Ивановски за ставање на точката за ОКТА на дневен ред на денешната седница.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 80 пратеници, за гласале 24, воздржани 3, против 53.

Според тоа предлогот не помина.

Господине Оливер Спасовски, повелете вашата интервенција, три минути.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници,

Сакам да побарам, до колку е можно и на оваа седница да имаме точка на дневн ред, мислам дека е пореално да се достави една информација до Собранието за наредната седница да имаме точка на дневен ред со која што ќе ги согледаме проблемите, кои што ги имаат јавните комунални претпријатија на локално ниво, во однос на плаќањето на ДДВ, заради тоа што скоро секаде во Република Македонија или скоро сите јавни претпријатија се соочуваат со проблемот да не можат да ги подмират обврските кон државата, затоа воопшто не е направена некаква соодветна анализа. Имаме огромни суми на такви давачки, На пример, според мои сознанија во Скопје некаде околу 270 милиони денари, во Тетово,

околу 60 милијони денари, во Гостивар 68 милиони денари, во Свети Николе 60 милиони и во Куманово околу 30 милиони денари.

Ова го кажувам заради тоа што пред се, јас и граѓаните на Куманово чувствуваат еден проблем речиси постојано во изминатата година, а посебно сега, последните 40 дена, каде што Куманово е затрпано во смет, заради блокада на Јавното комунално претпријатие и притоа, не се презема апсолутно ништо.

Сакам да се достави таква информација за која што ќе расправаме овде, да извлечеме заклучоци дали се потребни интервенции во Законот за ДДВ, како едно од решенијата, или Владата да го предложи моделот за решавање на овој проблем, како што е во Скопје, во Свети Николе, заради тоа што според мои информации, сознанија и контакти кои што ги имам, имало метод на решавање на овој проблем за Свети Николе.

Мислам дека и Груевски и ВМРО-ДПМНЕ треба да бидат заинтересирани многу повеќе за решавање на еден ваков проблем во најголемата општина во Република Македонија во Куманово, да се грижат за интересите 110 илјади жители и навистина, да не ги оставиме луѓето, како што тоа го правевме минатиот месец да се разговара дека ги оставивме без вода, а сега затрупани во смет Мислам дека на таков начин апсолутно, не може да се изврши никаков политички притисок, ниту ќе се оствари поен плус во делот на политичката борба.

Заради тоа, барам Владата да достави ваква информација, Парламентот да расправа и конечно да најдеме решение за ваквите проблеми што ги чувствуваат, пред се, Куманово, а верувам дека ќе ги почувствуваат сите други градови каде што ги води опозицијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Спасовски јаа ви благодарам за вашата процедурална интервенција. И ваквo барање ќе биде доставено до Владата уште денеска. Благодарам уште еднаш.

Госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете ваќите три минути.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам претседателе.

Мојот предлог е точката 13 од предлог на дневниот ред да се симне, а тоа е Предлог одлука за огласување именување на заменик јавен обвинител на Република Македонија, заменици на јавни обвинители во виши јавни обвинителства, јавни обвинители во основни јавни обвинителства и заменици на јавни обвинители во основните јавни обвинителства.

Сметам дека предлагањето на оваа точка на дневен ред, само уште еднаш го потврдува отсуството на волја и кај Владата и кај владеачките партии за продолжување на реформите во правосудниот систем во насока на јакнење на улогата на судството како власт, но и на Јавното обвинителство, како орган кој ги гони сторителите на кривични дела.

Ставањето на оваа точка на дневен ред, јасно покажува дека власта и партиите на власт се залагаат за избор на јавни обвинители спротивно на Уставот на Република Македонија. Спротивно на највисокиот правен акт во нашата држава. Поточно, спротивно на амандманите усвоени во декември месец 2005 година.

Согласно тие амандмани, амандманот 30, јавните обвинители на Република Македонија, пропишано е дека ги избира Советот на јавни обвинители без ограничување на траење на мандатот. Тоа значи дека било каков друг избор на јавни обвинители, спротивно на оваа уставна одредба, ќе значи прекршување на Уставот, како највисок правен акт.

Со изборот на јавни обвинители на начин како што предлагате, согласно претходно одредби и согалсно Законот за Јавно обвинителство, се доведуваме во ситуација да направиме избор спротивно на Уставот. Ова само потврдува дека Владата и партиите на власт свесно го кочат донесувањето на Законот за Јавно обвинителство и донесувањето на Законот за Совет на јавни обвинители, заради тоа што нивното усвојување ќе значи одземање на улогата на Парламентот за избор на јавни обвинители. Вешто, цела година, власта и Владата и партиите на власта се кријат зад опозицијата, меѓутоа, конечно треба да ја прифатат одговорноста, да се соочат со фактот дека динамиката и на активностите, но и на постигнувањето на консензус, во овој процес клучна е улогата на Владата. Вие се оглушувате од нашите настојувања за приоритет на европските закони, но треба да се соочите со овој факт и ако како парламентарно мнозинство, сметате дека Парламентот треба да има активна улога во јакнењето на принципите на владеењето на правото и правната држава, сметам дека овој мој предлог за симнување на оваа точка од дневен ред ќе ја пдоржите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 79 пратеници. За гласале 24, се воздржале 2, а против гласале 53 пратеници.

Според тоа констатирам дека предлогот е одбиен.

Господин Андреј Жерновски има процедурална интервенција, повелте.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани колеги, согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, барам точката број 14, Интерпелација за работата на заменикот на министерот за внатрешни работи, господинот Рефет Елмази, да биде прва точка на дневен ред. Најмалку од две причини. Прво, да ја испочитуваме традицијата господине

претседателе, која што вие ја востановивте во овој Парламент, а тоа е интерпелацијата во вашиот случај, вие имавте доблест и беше закажана посебна седница на дневен ред, или барем да биде тогаш прва точка на дневен ред.

На крајот на краиштата сите знаеме овде во Парламентот дека и Деловнички интерпелацијата е издвоена.

Понатаму, друга причина поради што го бараме ова, е што домашната јавност и меѓународната јавност бара итно расчистување на инцидентот што се случи во Собранието на Република Македонија и тоа го имавте во Извештајот на Европската унија, а исто така ги знаевте и барањата од НАТО.

Со задоволство, прво можам да констатирам дека овој став беше прифатен на координацијата, после она што го кажавме како интервенција на координацијата во петок и на координацијата која што ја имавме денеска. Се надевам дека тоа што е договрено ќе биде прифатено од парламентарното мнозинство да се изгласа да биде прва точка на дневен ред, а ние во интерес на времето и во интерес на евроинтеграциите во Република Македонија се обврзуваме дека интерпелацијата ќе ја завршиме заклучно со денешниот ден, односно 24,00 часот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Мислам дека ова е точно дека точно така е договорено на координација, но избрзано е прво да го усвоиме дневниот ред, ве молам, а потоа ќе говориме за рокадите.

Господин Рафис Алити има процедурално, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Бидејки нашиот предлог за итна седница не се подржа од пратениците, ќе повторам уште еднаш, во име на парламентарната група на Демократската унија за интеграција бараме еден час пауза, пред да се донесе дневниот ред. Не откако ќе се донесе дневниот ред, а ова право го имаме и мислам дека вие како претседавач на оваа седница, треба да ни дадете еден час пауза и ние да се координираме, како ќе продолжиме понатаму со работа. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Почитувани колеги ако може да се договориме, паузата да биде половина час.

**Рафис Алити:** Не, еден час.

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 13,15 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,02 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците кои што сеуште не се во салата, да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Ги молам службите да доставаат точен број на присутни пратници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Продолжуваме со седницата.

Дали има некој понатамошен предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Процедурално има збор, госпоѓа Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам.

Се јавувам во врска со интерпелацијата на госпоѓа Рафајловска, мојата процедурална забелешка ќе се однесува на сите интерпелации.

Согласно член 42, став 2 е пропишано дека интерпелацијата се поднесува во писмена форма и ја потпишуваат сите пратеници што ја поднесуваат и треба да биде образложена.

Конкретно интерпелацијата воопшто нема образложение, така да самата таа, госпоѓа Рафајловска, ниту ние пратениците можеме да дојдеме до сознание што и се става на товар за да евентуално оваа точка биде ставена на дневен ред.

Според тоа сметам дека предлогот е неуреден и треба да се врати на подносителите да го уредат предлогот со тоа што ќе дадат образложение за пропустите во работењето на госпоѓа Рафајловска.

Во спротивно седницата нема да има никаков ефект, само ќе изгубиме уште некои работни денови од работата на Собранието.

Според тоа предварително претседателството треба да се впушти во утврдувањето дали предлогот е уреден во смисла на цитираниот пропис од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Ова ќе го испитаме. Повелете господине Макрадули.

Сега службите тврдат дека нема, јас навистина не можам ништо друго друго да кажам, освен тоа што ми кажуваат службите.

**Јани Макрадули:** Претседателе ако за пет секунди ви донесам дека има две страници образложение, кој ќе поднесе оставка.

**Љубиша Георгиевски:** Не сме до оставка дојдени.

**Јани Макрадули:** Дали генералниот секретар, вие, или овие на бугарски што зборуваат овде, не ги разбирам што зборуваат.

**Љубиша Георгиевски:** Јас кажувам она што добивам.

**Јани Макрадули:** Јас навистина не знам кој да поднесе оставка. Две страници има образложение. Ако некој го крие намерно тоа е ваш проблем.

**Љубиша Георгиевски:** Не би смеело.

Ќе го испитаме ова, ќе видиме.

Одиме понатаму.

Има збор господинот Џевад Адеми.

Јас само предлагам да се испита, ништо друго.

**Џевад Адеми:** Ви благодарам господине претседателе.

Почитувани пратеници,

Ценам дека сите го делиме истото мислење дека Македонија не е во воена состојба. Нашата држава е во време на мир и во ова време на мир пред помалку од една недела се убиени четворица државјани на Македонија. Цел еден регион со над 15 илјади жители за два дена беше под опсада.

Законска обврска, уставна обврска и морална и човечка обврска на овој орган е да расправа за оваа ситуација затоа што намерно или ненамерно кај граѓаните мненијата се поделени, мислењата се поделени. Македонските медиуми шират триумфалистичка логика дека во Бродец, Шар Планина, во Тетово на 7 ноември полицијата оствари хемиско чистење. Посакувам да не мислеле дека ова хемиско чистење подразбира и етничко чистење. Кај Албанците мнението или мислењето е дека Владата во име на борбата против криминалот во име на гонење на лица кои што се избегани од затворот во Дуброва го гони цивилното население, го казнува цивилното население со тоа што убива четири Албанци, цивили, граѓани на Република Македонија со тоа што притвара, затвара 13 жители на Бродец од кои што 12 се случајно избрани.

Поради оваа причина секогаш со добра намера, секогаш со ориентација за колку - толку да се спаси надежта кај граѓаните за држава во која што владее законот за рамноправни граѓани и држава каде што полицијата не ги вежба мускулите ние предложивме итна седница која што за жал парламентарното мнозинство, опфаќајќи ги тука и пратениците албанци, не го поддржаа тој предлог.

Од оваа причина во име на правилното информирање и во име на заздравување на раните на тие трауматизирани семејства и во име на зачувување на животот и здравјето на затворените лица, приведените лица предлагаме во согласност со члено 73 алинеја 1 од Деловникот на Парламентот како посебна точка од дневниот ред информација од Министерството за внатрешни работи за операцијата од 7 ноември 2007 година. Се надевам дека парламентарното мнозинство ќе има смелост, граѓанска, интелектуална смелост барем ова наше барање кои што е во интерес на сите да го прифати.

**Љубиша Георгиевски:** Ќе го операционализираме кога ќе се говори за точките на дневниот ред. Сега прво да се прифати дневниот ред.

(Џевад Адеми одејќи кон своето место вели: предлагам дополнување на дневниот ред)

Да, добро.

Дополнителна точка на дневен ред побара господин Џевад Адеми. Значи дополнителна измена на дневниот ред.

Предлогот на Адеми го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратника. За гласале 16, воздржано гласале 6 и против гласале 50.

Според тоа предлогот на господинот Џевад Адеми не помина.

Има збор господин Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Пратеничката група на НСДП предлага денешната седница да се дополни со уште една точка на дневен ред а тоа е Предлог на одлука за основање национален совет за евро интеграции.

Кусо образложение зошто предлагаме таа да се поднесе токму на денешната седница.

На 25-ти октомври пратеничката група на НСДП достави предлог до Собранието ваква точка да се најде на дневен ред. Развојот на настаните во меѓувреме и особено овие неколку месеци наназад ни даваат за право да побараме Собранието да отвори расправа и да бара решение за забрзување на процесот за евро интеграции и особено обврските на Собранието на Република Македонија.

Сметаме дека конфликноста која што е создадена меѓу најголемите политички партии во Република Македонија особено последните неколку месеци сериозно ги намалуваат шансите на Република Македонија за евро атланските интеграции. Сметавме дека една ваква иницијатива, формирањето на еден национален совет за евро интеграции ќе го подигне степенот на одговорност на сите политички партии за иднината на Република Македонија особено за нејзината европска иднина.

Поради тоа и предлагаме отворено да поразговараме кои се тие допирни точки кои што ќе можат да не обединат и да ги ставиме во втор план меѓусебните партиски несогласувања, на преден план нашите државни интереси.

За овој предлог право ни дава и заедничката изјава која скоро пред две години ја потпишаа сите политички партии, парламентарни. Уште повеќе што во меѓувреме и од тогаш до денес не е појавена ниту една разлика меѓу политичките партии по однос на овој наш приоритет, сметаме дека предлогот ќе биде прифатен и точката ќе се најде на дневен ред на оваа седница.

Исто така предлагаме со оглед на значењето на темата што се третира со оваа точка почитувани колеги ве молам да го прифатите предлогот таа да се најде многу повисоко на дневниот ред ако не прва, барем втора точка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Предлогот на господинот Петковски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници. За гласале 67, воздржани нема, против двајца.

Констатирам дека предлогот на господинот Тито Петковски е прифатен.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор ...

Процедурално бара збор, господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, барам да ја информирате јавноста, ако ова е печат на Собрнието

(Го покажува печатот на пратениците и на претседателот)

Тогаш има две страници образложение на интерпелацијата и вакви упадици на бугарски да не дозволувате во Собранието, уважени кои се.

Ако е ова печат на Собранието, барам извинување и да кажете дека е уредно доставена интерпелацијата.

**Љубиша Георгиевски:** Јас навистина се извинувам за оваа грешка која настана тврдејќи дека не е намерна.

За збор се јави госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Процедурално почитуван претседателе.

Ве молам во иднина да ги прекинувате сите колеги, мислам дека тоа беше и договор да ги бираме зборовите кои што ги искажуваме од говорница и да престанеме со меѓусебните навреди. Да го сочуваме достоинството на Парламентот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Сериозно ја земаме таа забелешка во предвид.

Значи да го утврдиме дневниот ред.

Прва точка Предлог за донесување на закон со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Ова е предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата ...

(Реакција на пратениците од место)

Само еден момент.

Господин Ружди Матоши бара збор процедурално.

(Не).

Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе,

Мојата интервенција не е процедурална, туку согласно договорот кој што е поделен на сите координатори на пратеничките групи по барање на предлагачот т.е. на пратеничката група на ЛДП бараме измена на дневниот ред односно на редоследот и бараме точката која што носи назив Интерпелација за работата на заменик на министерот за внатрешни работи, господинот Рефет Елмази, согласно Деловникот да биде прва точка.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е се во ред. Прво треба да се утврди, да го прочитаме дневнио ред, да видиме што е па после ќе одиме на рокадите. Тоа е она што предлагам јас.

Значи, додадена точка на дневен ред е предлогот на господинот Тито Петковски, кој го усвоивме за основање на националниот совет.

Понатаму, читам се што спаѓа во дневниот ред.

Предлогот го причитав, сега читаме дефинитивно.

Прво, втора точка Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словачка за соработка и заемна помош по царински прашања, со Предлог на закон.

Ова е втората точка, затоа што прва точка е предлогот на господин Тито Петковски.

Три, сега одиме една цифра повеќе - Предлог за донесувања на закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, со Предлог на закон.

4.Предлог за донесување на закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, со Предлог на закон;

5.Предлог за донесување на закон за аудиовизуелните добра;

6.Предлог за донесување на закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка;

7.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за политичките партии, со Предлог на закон;

8.Предлог за донесување на закон за печатот на Република Македонија и печатите на државните органи на Република Македонија, со Предлог на закон;

9.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи, со Предлог на закон;

10.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог на закон;

11.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата, со Предлог на закон;

12.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, со Предлог на закон;

13.Предлог за донесување на закон за прогласување на локалитетот "Куклица" за споменик на природата, со Предлог на закон;

14.Предлог на одлука за огласување именување на заменик-јавен обвинител на Република Македонија, заменици на јавни обвинители во виши јавни обвинителста, јавни обвинители во основни јавни обвинителства и заменици на јавните обвинители во основните јавни обвинителства;

15.Интерпелација за работата на заменикот на министерот за внатрешни работи, господин Рефет Елмази;

16.Предлог за избор на член на Судскиот совет на Република Македонија;

17.Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, со Предлог на закон;

18.Предлог за донесување на закон за социјална заштита од енергетска сиромаштија, со Предлог на закон;

19.Барање за давање автентично толкување на членовите 154, 155, 156 и 162 од Законот за сопственост и други стварни права и членовите 200 и 203 од Законот за парнична постапка, поднесено од пратеникот Анета Стефановска;

20. Барање за давање автентично толкување на член 68 став 2 и член 69 став 2 од Законот за основното образование, поднесено од пратеникот Весна Бендевска;

21. Барање за давање автентично толкување на член 25 став 1 точка 6 од Законот за даноците на имот, поднесено од пратеникот Андреј Жерновски;

22. Барање за давање автентично толкување на член 122 став 3 од Законот за сопственост и други стварни права, поднесено од пратеникот Андреј Жерновски;

23. Барање за давање автентично толкување на член 1 став 4 точка 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности, поднесено од Советот на општина Делчево;

24. Барање за давање автентично толкување на член 31 став 1 алинеја 12 од Законот за пратениците, поднесено од пратеникот Цветанка Иванова;

25. Барање за давање автентично толкување на член 81 ставови 5, 6 и 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, поднесено од пратеникот Лилјана Поповска и

26. Барање за давање автентично толкување на член 8 став 1 од Изборниот законик, поднесено од Советот на општина Пробиштип.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеника, за гласале 61, воздржани 10, против 2 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Процедурално има господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседателе.

Јас барам поддршка од 10 пратеници за да направиме измена во точките од дневниот ред и ќе побарам интерпелацијата за заменикот министер за внатрешни работи господинот Рефет Елмази од точка 14, односно 15 да биде прва точка. Ова го велам заради многу причини и за многу шпекулации и феномени од кои некој сака да придобие од многу настанати трагедии. Значи, политичките поени се политички поени и мислам дека реалноста и рационалноста во политиката е многу потребна за сите нас во дадениов момент. И затоа сакам точката 14, односно 15 да биде прва точка.

Во однос на колегата Андреј Жерновски, утринава ние бевме на координација и беше мое барање зошто треба точката 14 да биде прва точка на дневниот ред. Додека господинот Андреј Жерновски кој сака да придобие политички поени од сето ова имаше поинакво мислење оваа точка да остане за утре. Значи, на мое инсистирање и мојата одлучност, бев одлучен точката 14 да биде прва точка на дневен ред на оваа седница.

Јас сакам да имам поддршка од сите претставници од владината коалиција во однос на оваа интерпелација. Се разбира, има разни шпекулации, имаме еден партнер во коалицијата кој ќе гласа за оваа интерпелација и е можност можеби и да се сруши оваа Влада. Но, ќе видиме како ќе течат работите.

**Љубиша Георгиевски:** Има ли поддршка од 10 пратеници за предлогот точката 15 да стане прва точка? (Има).

Го ставам на гласање предлогот на господин Ружди Матоши точката 15 од дневниот ред да стане точка прва.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници. Сите 74 пратеници гласале за.

Според тоа точката број 15 станува прва точка, а точката што беше на прво место сега станува втора по тој редослед.

Повелете господине Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, сосема накратко, бидејќи сакам вистината да биде кажана. Мислев дека вие ќе реагирате. Без евтини политички штосови од мојот колега Ружди Матоши. Го згреши тајмингот, како што знаете вие претседателе и сите координатори на пратеничките групи. Јас не знам дали господинот Матоши беше во петокот. Уште во петокот побаравме ова да биде прва точка на дневен ред. И ве молам, ако правиме договор, да се држиме до тоа без политички штосови овде, затоа што сакам ефикасно да работи Парламентот.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Радмила Шекеринска, процедурално.

**Радмила Шекеринска:** Господине претседател, почитувани пратеници, за многу работи се водеше координација и се постигна договор околу денешнава седница што е добро. Меѓутоа, мислам дека трчајки по ситните политички поени и трчајки по формата и шминката повторно ја заборавааме суштината. Затоа јас денеска сакам да предложам измена на редоследот на точките од дневниот ред. Имено, точката која иницијално беше предложена под реден број 15, сега во вашиот предлог претпоставувам дека станува број 17, или 16 заради додавањето на една точка на дневен ред, а тоа е Предлог за избор на член на Судскиот совет на Република Македонија, да ја разгледуваме како трета точка на дневниот ред денеска, уважувајќи го консензусот кој што беше постигнат за време на координација за првите две точки. Инаку, само за потсетување, ако има една точка, ако има едно прашање околу кое што

и извештајот од Европската комисија и изјавите од нашите НАТО сојузници беа недвосмислени, идентични и многу цврсти и прецизни, тоа е прашањето на докомплетирање на Судскиот совт. Јас не сакам многу да објаснувам, меѓутоа сакам да го потсетам истото парламентарно мнозинство од кое денеска ќе зависи и редоследот на дневниот ред дека овде дискутиравме дека е лошо Судскиот совет да остане некомплетиран. И овде предупредувавме дека таквата одлука на парламентарното мнозинтво да не гласа за сите предложени ќе има негативни последици по имиџот на Република Македонија, по извештаите кои што ќе стигнат од двата центри во Брисел. Тогаш, слично вака пратениците не го сфаќаа тоа за многу сериозно, се пенеа да ни објаснат дека еден член на Советот плус, минус, нема врска и дека битно е во Судскиот совет да се обезбеди само партиска дисциплина. И потоа не знам зошто беа изненадени од извештајот на 9 ноември и од пораките на амбасадорот Викторија Нулан на 11 ноември. Гледам дела и денеска тоа не им е многу важно прашање и дека сакаат да продолжат во истиот стил, нема преговори, има проблеми и во НАТО интеграцијата, ама не е битно, бидејќи ние сакаме наши партиски послушници. Мислам дека и настаните во Судскиот совет и оној последен скандалозен избор на судија на Апелациониот суд во Гостивар покажаа колку греши парламентарното мнозинство. Судија кој пресудил во случај за сопствен роднина во прва линија, за своја мајка, Судскиот совет со таквиот дел партиски послушници одлучи да му даде доверба да биде судија на Апелационен суд. И кога го прашувавме министерот за правда, како ги избираат судиите, како од 200 стигнале до 16, или до 12? Тој велеше: со сите правевме интервјуа, ги испитавме нивните фотографии, се работи за најквалитетни судии. Не поминаа три дена од изборот на тие наводно квалитетни судии, се испостави дека тој судија имал сериозна злоупотреба на должност и дека за него дури била покрената и кривична пријава. Денеска министерот за правда не е овде. Иако минатиот пат кога беше точката поставена на дневен ред, министерот за правда Маневски седеше и не заминуваше три дена и велеше: Без комплетиран судски совет, не можам да работам. Денеска се гледа дека не му била целта да има комплетиран судски совет, туку дека целта му била да има судски совет под целосна дисциплина, или под негова палка. Велам, ако сакаме да ги послушаме добронамерните совети кои што ни доаѓаат од Брисел и ако сакаме во Собраието не да шминкаме, туку реално да ги корегираме критиките за Македојија, сега е моментот тоа да го направиме. Точката да не биде ставена на 15-то место и никогаш да не стигнеме до неа, туку за неа да се изјасниме сега и веднаш.

**Љубиша Георгиевски:** По однос на вашата интервенцја треба да кажам дека на вчерашната координација господинот Макрадули го постави ова прашање за Судскиот совет. Но, на денешната не беше поставено и затоа беше изоставејо. На денешната координација тоа прашање не беше поставено.

Предлогот на госпоѓа Радмила Шекеринска го ставам на гласање, точката број 16 да стане точка број 3. Сите знаете за што се работи.

Се извинувам, господине Макрадули координацијата беше во петок, а не вчера.

Ве повикувам да гласме.

Вкупно гласале 80 пратеници, за гласале 29, воздржано гласале 2, против гласале 49 пратеници.

Констатитрам дека предлогот не е прифатен.

Процедурална интервенција има господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Претседателе, предлагам точката број 13 за именување на заменик јавен обвинирел и заменици на јавните обвинители која дефинитивно е против уставна, на тоа укажа колешката Мери Младеновска Ѓоргиевска, но вие не прифативте да биде последна , затоа што на тој начин веројатно ќе го разбудиме министерот за правда да предложи во меѓувреме измени во Уствниот закон во кој е даден рок од девет месеци да може по стариот Закон да се бираат заменици јавни обвинителин на овој начин, бидејќи дефинитивно парламентарното мнозинство може се да изгласа. Опозицијта треба да биде коректив, да се обидеме барем да работиме согласно Уставот и законит4. Таа да биде последна точка. Во меѓувреме очигледно министерот за правда е преокупиран со Судскиот совет, повторуваше дека му треба Судскиот совет, а не му треба последниот член на Судскиот совет очигледно на ВМРО-ДПМНЕ. Затоа сметам дека треба внимателно и колегите пред да гласаат оваа точка да биде последна, да го прочитаат членот 3 од Уставниот закон каде што е даден рок само од 9 месеци во кој рок смееме да го применуваме стариот Закон за јавно обвинителство. Затоа предлагам, бидејќи очигледно нема кој нему да му каже итно да ни предложи додека трае седницава, измени на Уставниот закон и да го продолжи овој рок за 24 месеци. Значи, тоа ќе биде до крајот на декември, за да можеме, ако веќе инсистира кога има судски совет да има и свои јавни обвинители, неговите јавни обвинители барем да ги избереме леги арти, согласно законот. Затоа што за сите оние кои сакаат да учат право едно од основните начела во правото е дека лекс приор дерогати лекс постериор, а тоа значи дека секое ново законско решение, во овој случај уставното решение ги дерогира решенијата од претходниот Закон за јавно обвинителство. Но, бидејќи вие очигледно не се грижите за уставноста и законитоста, тоа мора да го прави опозицијата. Верувам дека ќе смогне сили толку владеачкото мнозинство оваа точка барем да ја стави последна и како што реков во меѓувреме да може да имаме измени на Уставниот законик.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам за вашата интервенција.

Господине Бучковски, само пред да гласаме, да уточниме. Вие рековте точка 13. Ми се чини дека мислите на точка 14 Предлог на одлука за огласување  именување на заменик јавен обвинител.

Значи, предлогот на господинот Бучковски точката 14 да стане последна трочка, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 86 пратеници, за гласале 40, воздржани нема, против 46.

Според тоа, констатирам дека предлогот не е прифатен.

Мислам дека треба да направиме господине Бучковски една корекција. Имавте лапсус лингве. Лекс постериор дерогатор лекс приор. Вие обратно го кажавте. Нека влезе во записник. Тоа беше лапсус лингве, затоа не ве прекинав.

Процедурално госпоѓа Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Благодарам почитувани присутни, јас барам токата 17, или 18 со додавањето на новата точка, односно Предлогот за донесување на закон за социјална заштита од енергетска сиромаштија, со Предлог на закон да биде трета точка во дневниот ред на денешната седница. Зошто го предлагам ова? Уште на 18 септември СДСМ достави, 22 пратеници од СДСМ доставија Предлог на закон за кој веќе изминаа 40 дена до 29 октомври кога го ставивте на дневен ред и никакво изненадување не беше поставувањето на овој закон како 17-та точка на дневниот ред од оваа седница. Како 17-та точка овој закон никогаш нема да ја види светлината на денот. Како 17-та точка ќе биде само една од точките на недовршените седници.

Бидејќи се работи за многу важен закон, бидејќи се работи за третирање на социјалната правда и социјалната димензија во Република Македонија, бидејќи и согласно преамбулата на Уставот и согласно темелните вредности на уставниот поредок се хуманизмот, социјалната правда и сигурноста предлагаме да со овој закон се згрижи, се збирни најсиромашниот дел од македонските граѓани. СДС сака да помогне во решавањето на катастрофалната енергетска политика во Република Македонија, сакаме да помогнеме во решавањето на хаосот во енергетиката во Република Македонија и како одговорна опозиција која се грижи за граѓаните, го предлагаме овој закон.

Имено, во законот предвидуваме да од Буџетот на Република Македонија се плаќаат сметките на најсиромашните граѓани на приближно 100 илјади домаќинства во вредност, во висина до 300 коловатчаса, околу илјада денари по домаќинство. Пред либерализацијата на пазарот на електрична енергија, пред формирањето на енергетска берза мора да се донесе оваков закон. Тој впрочем е и во согласност со директивите на Европската унија, со аки комунитер, Договорот за енергетска заедница чиј потписник е Македонија.

Поради тоа барам да законот, како што кажав, биде трета точка на дневениот ред на денешната седница и ве замолувам да гласате потврдно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на госпоѓа Филипова, точка број 18 е овде, како што стои сега, госпоѓо Филипова значи, за донесување на закон за социјална заштита од енергетска сиромаштија, за таа ли точка мислите да стане точка три. Значи точката број 18 да стане точка број 3 го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеника, за гласале 21, воздржано гласал 1, против 47.

Констатирам дека и овој предлог не помина.

**Минуваме на точката 1 - Интерпелација на господинот заменик министер Рефет Елмази**

Го повикувам предлатачот да земе збор.

Повелете господине Жерновски, имате збор.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседател на Собранието на Република Македонија,

Почитувани колеги, почитуван заменик министер за внатрешни работи,

На почеток да го искажам задоволсвото што ги прифативте сугестиите од страна на предлагачот и опозицијата да ова биде прва точка на дневниот ред, со што се избегнати, навистина, избегната е несакана разврска во однос на релацијата меѓу владеачкото мнозинство и опозицијата на Република Македонија.

Почитувани дами и господо,

Убедени сме дека ова е еден од најчистите, кристално јасни случаи за барање на одговорност на еден висок функционер, највисок функционер во Владата на Република Македонија и очекуваме да оваа интерпелација трае многу кратко, можеби и најкратко во историјата на работата на Собранието на Република Македонија кога се гледале интерпелции, за тоа што сликата што се случи од инцидентот овде во Собранието на Република Македонија имаше можност да ја види целокупната македонаска јавност.

Велат дека една слика вреди колку илјада зборови. Апсолутно се согласувам со тоа и се чувствувам немоќен да со зборови го опишам она што се случи во Собранието на Република Македонија. Впрочем, во самиот Извештај на усвоениот текст од Анкетната комисија, точката број 5 вели:

“Во настанот пред Клубот на пратениците, влез Винар, кој временски следат непосредно по настанот на просторот на главниот влез, учествувале пратениците Мендух Тачи, Азис Положани, Тахир Хани, Зумрете Јакупи, заменик министерот за внатрешни работи Рефет Елмази”. Потенцирам што е усвоено “заменик министерот за внатрешни работи Рефет Елмази е одговорен”. Да потсетам дека и самиот

претседател, кого не го гледам овде, за жал, на оваа Анкетна комисија потенцираше дека не треба да има интервенции во предожениот и усвоен текст.

Сликата на која што сосема јасно, за прв пат во историјата на политичкиот живот во Република Македонија, највисок функционер во Владата на Република Македонија физички напаѓа, клоца пратеник на Собранието на Република Македонија, можеа да ја видат сите граѓани во Република Македонија.

За да биде скандалот уште поголем, тоа не само што се случи во нашиот законодавен дом, во домот на пратенците во Република Македонија, туку тоа господинот Рефет Елмази го направи во својство, верувале или не, на највисок функционер на Министерството за внатрешни работи, орган што треба да гарантира безбедност на секој граѓанин на Република Македонија.

За жал, таа слика не само што ја видоа сите граѓани на Република Македонија, не само домашната јавност, таа слика отиде далеку, ја видоа луѓе од меѓународната јавност. Отиде во Брисел, отиде во Стразбур, отиде во Вашингтон. Штетата е веќе направена. Впрочем, имавте можност да ги слушате секојдневно повиците од седиштетот на Европската унија, Европската комисија, Советот на Европа и НАТО, се разбира, меѓутоа оставено е на нас да докажеме дали во Република Македонија имаме капацитет да санкционираме вакво недолично скандалозно однесување на висок владин функционер.

Да ве потсетам дека првиот човек на НАТО господинот Шефер, цирирам, побара "седум дена да се расчисти инцидентот", да се расветли кој учествувал и да се казнат сите кои учествувале во инцидентот. Поминаа 48 дена. Поминаа и 45 дена од поднесената Интерпелација на ЛДП.

Да потсетам во Извештајот од Европската унија имате јасно барање повторно да се расчисти овој инцидент и сите кои учествувале во овој инцидент да одговараат за тоа.

Еден од најтиражните весници во Република Македонија, со наслов "Брисел бара Елмази да си оди", вели дека Европската унија и НАТО инсистираат на политичка одговорност на заменик министерот за внатрешни работи Рефет Елмази поради тоа што директно учествувал во тепачките со пратеници во Собранието на Република Македонија. Ваквата порака претставниците на Унијата и на Северноатланската алијанса јасно им ја пренеле на сите релевантни институции во земјата. Тие бараат веднаш да си замине заменик министерот Елмази, бидејќи за нив, потенцирам, е незамисливо министер да тепа пратеник во Собранието на Република Македонија. Порака пренесена од Оли Рен и од Шефер дека прстот на Европската унија и НАТО е насочен кон заменик министерот господин Елмази.

Внимавајте, "за Евроатланските партнери на Македонија не е многу страшно што пратениците се степале меѓу себе, туку е недозволиво ако во тепачката е вмешан и министер, кој, место да даде отчет за неговата работа во Собранието, физички се пресметува со пратениците." Приврвшувам "Таквото однесување на земја кандидат за членство во Европската унија не смее да се дозволи".

Меѓутоа, денеска, почитувани колеги, не е битно да зборуваме за тоа што сторил, каков инцидент предизвикал заменик министерот за внатрешни работи господинот Елмази. Денеска е многу битно да зборуваме што ние како пратеници ќе преземеме во врска со овој инцидент.

Почитувани, дозволете да ве уверам дека нападот на владин функционер не е само напад врз еден пратеник во Собранието на Република Македонија. Тоа е напад врз секој од нас, врз секој од 120-те во Собранието на Република Македонија. Тоа е напад врз целиот Парламент на Република Македонија. Мораме најенергично да го заштитиме угледот, дигнитетот и интегритетот на Собранието на Република Македонија кое што, според Уствот на нашата држава, треба да врши контрола над Владата на Република Македонија.

Мораме со изгласувањето, со подржувањето на оваа интерпелација да докажеме, она што го очекува нашата јавност, она што го очекува меѓународната јавност, дека Република Македонија сепак има институционален капацитет да се справи со вакви инциденти, да ги санкционира ваквите инциденти и со тоа да го направиме она што се очекува од нас, а тоа е да ја вратиме довербата во инститиуциите на Република Македонија.

Обратно, неприфаќањето на оваа интерпелација, поднесена од страна на ЛДП, подржана од опозицијата, но и од огромен дел на владеачкото мнозинство значи директно подржување, поттикнување и охрабрување да вакви или слични инциденти се случати и во иднина во Собранието на Република Македонија и сето тоа да се случи без никаква одговорност да ја преземе оној кој ќе нападне пратеник во Собранието на Република Македонија.

Како сосема логичен гест, логична одлука од страна на партиите кои коалицираат, учестуваат во работата и ја подржуваат Владата на Република Македонија, јас сметам одлуката на НСДП да каже дека, цитирам "се бара одговорност од господинот Елмази" и да го цитирам лидерот на партијата Тито Петковси дека "не може носител на јавна функција да се однесува недолично, без разлика дали е од власта или од опозицијата". Пратеникот Веле Митановски на прес-конференцијата најави дека "ќе се подржи барањето за смена на функционерот на ДПА Елмази," итн. Се разбира, ја поздравува и одлуката на претседателот на Демократскиот сојуз кој исто така во медиумите изјави дека ќе ја подржи интерпелацијата, дека ќе бара одговорност од заменик министерот, господинот Елмази.

Но, почитувани пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, вас до сега не ве слушнавме. Тоа е она што навистина загрижува. Нам ни останува да се прашаме дали сте вие оние пратеници, оние граѓани на Република Македонија кои не видовте што се случи во Собранието на Република Македонија? Дали сте вие оние колеги кои го одобруваа она што го направи заменик министрот господинот Рефет Елмази?

Со оглед на распоредот на политичките сили во Република Македонија сега се е во ваши раце, почитувани колеги на ВМРО-ДПМНЕ. Иднината на Македонија, особено она што се однесува на интеграцијата во Европската унија и НАТО е во ваши раце. Имиџот на Република Македонија сега е во ваши раце, бидејќи Брисел, Стразбур, Вашингтон бараат одговорност, повторувам за она што го направи господинот Елмази.

Мислам дека треба да го почитувате вашиот слоган од изборите, “Главата горе”. Ве уверувам дека нема потреба, не сакам да ве провоцирам, ви кажувам најколегијално, нема потреба да со наведната глава излезете од ова Собрание. Вие утре треба да ги погледнете и вашите членови на партијата во очи, не само сите граѓани на Република Македонија. Јас со жалење можам да констатирам дека господинот Рефет Елмази не даде, а имаше можност според Деловникот да даде извештај, така наречен одговор на барањето, меѓутоа тој беше зафатен, помеѓу другото, според тоа што беше кажано во медиумите, учествуваше во една тепачка во Тетово, во која што, да ве потсетам колеги од ВМРО-ДПМНЕ беше тепан и вашиот претседател на Огранокот во Тетово, додека траеше ова барање за интерпелација и тоа впрочем можете да го констатирате преку кривичната пријава што ја има во Министерството за внатрешни работи во однос на учесниците и кој е тепан.

Вашето мото “Главата горе”мислам дека имате можност сега да покажете дека навистина со кренатa глава можете да го напуштите Собранието на Република Македонија.

Се надевам дека не е вистина тоа што го пишуваше во медимуите, дека ДПА се заканува со интерпелација, како замена за интерпелацијата, на министерката Јанкулоска, каде што се вели дека најавата се толкува како притисок од ДПА врз коалицискиот партнер за да го заштити заменик министерот за внатрешни работи, Рефет Елмази, но сепак го поздравувам одговорот на сето ова од ВМРО-ДПМНЕ кој вели - ако при интерпелацијата на Елмази се утврди негова вина, тие цитирам, “Ќе ги почитуваат институциите на Република Македонија”. Одлично, се надевам дека тоа и ќе го сторите.

Се надевам дека тоа што го кажа господинот Ружди Матоши при крајот на негото обраќање непосредно пред започнување на оваа точка што беше директна закана до ВМРО-ДПМНЕ и уште повеќе до НСДП дека, доколку се прифати ова ќе падне Владата на Република Македонија, односно цитирам “ќе се сруши Владата на Република Македонија”, се надевам дека нема да подлегнете на таквите закани што се навистина недолични, само за да се спречи одговорност од човек, висок функционер, највисок функционер на Владата на Република Македонија, заменик министер за внатрешни работи кој физички нападна пратеник во Собранието на Република Македонија.

(Поединечен аплауз)

Вие од ДПА можете да аплаудирате, меѓутоа прочитајте го Извештајот за жал, Брисел веќе не аплаудира на Република Македонија поради вас.

Почитувани, сакам на крајот да прецизно побарам од вас да ја прифатите интерпелацијата поднесена од страна на ЛДП, ги повикувам колегите од ВМРО-ДПМНЕ да одлучат, согласно она што пишуваше во медиумите дали ќе бираат помеѓу Елмази или ќе го бираат имиџот, ќе ја бираат иднината на Република Македонија? Ние сме длабоко уверени дека вие ќе го сторите ова второто, затоа што сепак како пратеници на Република Македонија и како партија што ги доби изборите, на последните избор, се разбира дека вие ја сакате оваа држава.

Да ве потсетам на изјавата што ја има на веб-сајтот на Владата, каде што минстерката Јанкилоска вели дека, цитирам “ Рефет Елмази за својата работа одговара пред Владата, но и пред Собранието на Република Македонија” или она што го кажа претседателот на вашата партија, воедно и претседател на Владата на Република Македонија цитирам “сите инволвирани во минатонеделните инциденти во наредните денови ќе понесат одговорност”, при тоа мислејќи на заменик министерот за внатрешни работи Рефет Елмази. Значи, и министерката Јанкулоска уште повеќе и премиерот Груевски побараа тие да сносат одговорност.

На крајот ќе завршам со еден цитат од еден колега од ВМРО-ДПМНЕ, се разбира дека нема да го спомнам, меѓутоа кога го прашав утредента дали ќе ја подржита оваа интерпелација, дали го подржувате ова и дали слушнавте дека вашите колеги од парламентарното мнозинство ќе ја подржат оваа интерпелација, цитира, ми рече “ Треба да бидеме ѓонови за да не го санкционираме ова однесување, треба да бидеме ѓонови за да не ја подржиме вашата интерпелација”.

Почитувани пратеници на ВМРО-ДПМНЕ, одговорот на ова прашање е во ваши раце. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Бидејќи има четворица пријавени на дисплејот, дали е некој за процедурално.

Процедурално има три минути пратеник господин Матоши Ружди, повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас, во текот на разговорите што ги имав со госпоѓата Роза Топузова и со господинот

Жерновски, сме разговарале и јас сум им кажал дека, всушност сум ги прашал - зошто поднесувате интерпелација, зошто саката да се повторат или пак зошто сакате да го иницирате процесот на Анкетната комисија која што се основа за инцидентот во Парламентот со оваа интерпелација? Зошто ви е потребен овој дилентатизам кога сакате да отварате пред време некои теми?

Значи, ниту Роза, ниту Жерновски не ми дадоа одговор туку ме гледаа онака.

Јас сакам да констатирам дека ова се некои елементи кои што се контролирани од СДСМ и се забележа дека аргументите всушност што сакаше да ги каже господинот Жерновски се големи лаги.

Меѓутоа, сепак, врз основа на Деловникот јас господине потпретседателе ќе побарам пауза, сакам да ги имаме стенограмите и да ги прочитаме.

**Иван Анастасовски:** Пауза не рековте колку, бидејќи барате за стенограми, еден час.

Бидејќи се работи за еден час, рече координаторот на пратеничката група на ДПА.

Еден час пауза и молам за тоа време да бидат стенограмите пред колегите пратеници.

Координаторите ги замолувам во името на претседателот на Парламентот, во Охридска сала, координација, да се договориме за текот на расправата по однос на интерпелацијата.

Ви благодарам.

(Паузата започна во 16,03)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,13 часот).

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Почитувани колеги, бидејки во време на паузата оствaривме координација помеѓу координаторите на пратеничките групи и претседателот на Собранието на Република Македонија, успеавме да направиме некој договор, меѓутоа и за јавноста морам да речам дека на таа координација не присуствуваше пратеничката група на ДУИ. Бидејки, постои одреден договор и на координација се договоривме да го задржиме тоа право, додека има на дисплеј пријавено одредени дискутанти и тоа да се почитува, бидејки тоа е и Деловничка обврска. Но, за сите оние кои што беа на таа координација, претпоставувам ги пренеле на некој начин правилата на игра по однос на интерпелацијата на заменик министерот за внатрешни работи.

Почитувани колеги, согласно членот 45 став 2 од Деловникот на Собранието, министерот има право на седницата на Собранието да даде одговор на поставената интерпелација во траење од 20 минути.

Дали заменик минситерот за внатрешни работи, господинот Рефет Елмази сака да даде одговор на поставената интерпелација.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи господин Рефет Елмази.

Повелете, имате 20 минути.

**Рефет Елмази:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Во досегашната практика од заживувањето на плуралната демократија во Република Македонија, во повеќе случаи се расправаше за дадената доверба на поедини функционери на кои мандатот им беше даден од овој Парламент.

Секогаш, ако добро се сеќавам, се расправаше за нивното неработење, за грубо кршење или за пречекорување на дадените овластувања, согласно функцијата која ја извршувал. Но, морам да подвлечам, за жал, на нашата демократија дека не беше секогаш така. Селективност на работење на овој Парламент посебно доаѓаше до израз кога мандатот на владеење го имаше сегашната коалициона опозиција. Може, за затајувањето на валканите работи кои ги правеа нивните членови, да не речам нивните миленичиња, сигурно мислеа дека тоа ќе помине надвор од видеокругот на мониторингот и на Меѓународната заедница, така и безболно и побрзо ќе не приближеа до НАТО и до Европска унија. Ако е одговорот да, тогаш и јас ги пдоржувам, бидјеќи го делам сонот за влез на Македонија во меѓународното семејство, еднакво како и секој што живее во Република Македонија. Впрочем, тоа го потврдивме и со нашето демократско изјаснување дека сме без алтернатива определени за меѓународно членство. Но, очигледно вакви и слични концепти за исполнување на едно од најсериозните прашање на судбината и иднината на Република Македонија, со оправдување како што често молувавте да кажете, почитувана опозицијо, на некоја приказна за Република Македонија. Но, тоа не поминува и кај Меѓународната заедница, бидејќи излезе како приказна за мали деца. Зошто ова го велам. Па, господо, вие преку вашите шерифи сеевте смрт и убивте луѓе како шинтерска служба. Значи, тоа го чиневте сред бел ден и на најфрекфентните улици во градот и во селата каде што направивте огромни акции. Ова го зборувам заради тоа што во интерпелацијата се кажува дека недолично однесување на заменик минситерот Рефет Елмази во Парламентот. Еве, јас ќе направам неколку споредби за недолично однесување на заменик министерот за внатрешни работи за време на вашето владеење. Еве. ќе нарпавиме споредба на моето недолично однесување, за споредба со настаните во Чаир, каде Ризван Незири се уби сред бел ден и тројца, четворица убиени луѓе, а 5, 6 рабети. Имам да ви кажувам доста примери.

Слична споредба на моето недолично однесување со сликата што се случуваше во Интернет кафето во Чаир, каде исто така беа три деца убиени.

Ќе направам уште една слика, сликата во Мала Речица. Убиен човек со тројца и петтмина исто така граѓани од Мала Речица.

Следна слика имате исто така во Речица каде петмина убивте, јадејќи леб. Ја имате мојата слика со вашата слика во минатото која ја имавте во Раковец. Таму,исто така направивте рација, каде што е убиена една жена.

Јас знам дека на вас, посебно позицијата ви пречи, мојата активност, мојот ангажман професионално во Министерството за внатрешни работи, исто така ви пречи како член на една политичка партија на ДПА како функционер, политички функционер и исто така функционер во Министерството за внатрешни работи.

Јас знам дека на вас ви пречат и доста успеси што ги имаме ние како Министерството за внатрешни работи, посебно во борбата против криминалот, криминалците и сите наши активности и понатаму што ќе ги преземаме, вас ви пречат.

Исто така, ви пречи тоа што водиме интензивни активности на сите кои се вмешани во криминалот и кои се поврзани со криминалците, што ќе ги донесеме пред лицето на правдата. Пред јавноста можам да кажам дека имам и список на убиени луѓе, кои во минатото вие ги правевте и доста од тие убиени луѓе, граѓани на Република Македонија, кои се убиени и тие случаи не се расчистени.

Ќе ви кажам уштее дна слика како што рече пратеникот дека недолично однесување, еве ќе направам уште една споредба што го убивте поштарот среде Влае и сред бел ден. Се извинувам за семејствата на сите овие случувања што се случија во минатото дека за семејствата, им се извинувам, фактички сега малку ги злоупотребувам нивните жртви.

Колку за ваше информирање, настаните поврзани за безбедноста во и околу Парламентот, тука вие подигнавте интерпелација за мене, тоа што моето присуство сите знаете дека тој ден во Парламентот беше точка на дневниот ред за измена на Законот за внатрешни работи. Моето присуство исто така ви пречи на вас што тој ден бев тука по повик на координаторот на пратеничката група на ДПА. Ви смета тоа што го прекинав моето директно учество со групата која беше во и околу Парламентот тој ден присутна. Ние како Министерството за внатрешни работи, вие тоа го знаете како информација и ја имате дека тој ден внатре во Парламентот учествува група, телохранители, луѓе со криминални досиеа и што е уште полошо вооружени со формациско оружје и друг вид на оружје. Значи, вам ви пречи тоа што тој ден јас лично се заблагодарувам што бев тука во Парламентот дека присуството на несаканите партиски луѓе кои имаа сценарио да направат инцидент околу Парламентот, посебно вие веројатно ќе бевте радосни во ситуација ако имаше погинат полицаец, погинат граѓанин околу Парламентот. Затоа што, вие ако ја сакате таа информација јас ќе ви ја прочитам дека тој ден внатре во Парламентот беа, ние тоа званично го имаме за настаните што се случија тука, беа присутни луѓе со име и презиме, Ахмет Адеми, Бушим Фаредин, Бурим Јакупи, Алим Јакупи, Шефик Исмаили. Кај нив е најдено, во возилото кое беше покрај Парламентот беа најдени два калашникови, две автоматски други пушки, 5-6 пиштоли, радиоврска. Ние ова го анализиравме многу добро, што значи спречивме едно сценарио, кое што требаше да се случува лошо за Парламентот.

Исто така, на вас ви пречи господо опозиција, тоа дека последната акција која беше изведена и беше успешна акција која се изведуваше и во Бродец, тоа вам ви пречеше. Јас сега кажувам јавно, за разлика од оваа акција која е направена сега во споредба со вашите 13 акции кои ги водевте и ги изведувавте тогаш и кои гинеа цивили и други невини луѓе. Оваа акција, која се изведуваше професионално и имвавме успех во тоа дека групата која беше во Бродец, мене ми е жал што погинаа луѓе во Бродец, но нашата акција беше да се уапси криминалната група која беше, но во размена на огин, тука имаше, за жал, загинати луѓе. Значи, тоа беа од вооружената група. Ова го дадов како пример дека за разлика од вашите акции кои ги правевте тогаш и сегашните акции, кои посебно ги изведуваме ние како Министерството за внатрешни работи, а тоа вам ви пречи.

Исто така, тоа ви пречи на вас дека улогата на заменик министерот за внатрешни работи од редовите на ДПА дека е партнер во Министерството за внатрешни работи со тимот и министерката, како и другите двајца директори, екипата која е во МВР, успешно се справивме. Значи, успешно се справивме со криминалот, криминалците. Мене ми е жал што денес ми изгубивте време, заради тоа што имавме и доста работи да се бориме против криминалците и криминалот, а тука има и за некои кои исто и брзо излегуваат пред лицето на правдата.

Јас не сакам да должам повеќе, веројатно ќе имаме некој одговор и понатаму, зависи од пратениците, но јавноста ја убедувам дека без разлика на се, мојата борба како заменик министер за внатрешни работи, како кадар на ДПА ќе продолжиме и понатаму и пожестоко против сите видови на криминал и криминални групи. Можеби тоа не му се допаѓа, но нашата активност и понатаму ќе продолжи.

Ви благодарам за вниманието.

**Иван Атанасовски:** Ви благодарам заменик министер.

Согласно договорот прв за збор е пратеник господин Поповски Никола.

Се извинувам, јас не прашав дали некој е за реплика од пријавените.

Три минути реплика има пратеник господин Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван господине Елмази, мене ми е многу жал што сето ова што го кажавте не го напишавте во еден извештај, кој што имате право деловнички да го доставите до

пратениците во Собранието на Република Македонија.

Јас сум крајно разочаран од тоа што вие го кажавте овде, бидејки сите што го пратеа вашето излагање, не само ние овде во Собранието, туку и целокупната македонска јавност, а и според она што го имав како телефонски повик и сите амбасади и амбасадори во Република Македонија со нескриено внимание ја очекуваат разврската на оваа седница, бидејќи побараа, а тоа го имате во официјални изјави санкционирање на сето тоа што го направивте вие.

Се разочарав, затоа што вие зборувавте за се, само не за она за што ви е покрената интерпелацијата. Вие не одговоривте на најважното прашање, поради кое што секој пратеник во Собранието на Република Македонија се згрозува. Вие нападнавте физички од аспект на највисок функционер владин и заменик минситер за внатрешни работи. Физички нападнавте пратеник во Собранието на Република Македонија. Затоа, сакам да ве прашам,откако уште еднаш крајно сум разочаран од вашиот говор, бидјеки за се зборувавте, за вашата историја, за конфликти и не знам што, но ништо за она за што сте денес присутен овде на крајот на краиштата и поради кое што добивте шанса да зборувате.

Јас сакам да ве прашам нешто отворено. Можеби сите ние кои што ја гледавме таа слика можеби сме во заблуда. Сакам да ве прашам дали вие клоцавте, нападнавте физички пратеник во Собранието на Република Македонија или не го сторивте тоа.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Нема контра реплика.

Продолжуваме со работа.

Има збор пратеник господин Поповски Никола, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, дозволете да го соопштам ставот или односот на пратеничката група на која припаѓам по точката на дневен ред.

Првото што сакам да го истакнам е дека пратеничката група на СДСМ целосно се согласува со аргументацијата дадена од предлагачите на интерпелацијата, која ви е достапна, да не ја читам во образложениeто и смета дека господинот заменик министер за внатрешни работи Елмази сноси одговорност, заради која треба да биде изгласана интерпелација против него.

Господинот Елмази во Собранието на Република Македонија на 25 септември направи престап и направи апсолутно недозволен чекор за него како носител на јавна функција и за демократијата во Република Македонија. Да не повторувам, тој физички нападна пратеник и тоа не во афектна ситуација, туку во продолжена ситуација, еднаш, двапати, на обраќањето од господинот кој беше нападнат, Зошто ме тепаш? - јасно се увиде дека наместо да се запре се продолжи, што значи дека прилично свесно се настапило.

Чинот на одговорноста е јасен и за него јас мислам дека навистина треба да ставиме не знам какви наочари за да се правиме дека не го гледаме на телевизиите. Тој чин е јасен и лош. Очекувавме партијата на која припаѓа господинот Елмази во наредните денови после чинот да заседава и тој како заменик минситер за внатрешни работи во една држава, со целиот товар што го имаме како држава, сепак има трунка достоинство во своите институции, ќе излезе со оставка. Тоа не се случи. Во јавноста отворено беше прашан и човекот кој застана на оваа говорница во септември 2006 година и го предложи него за заменик министер врз основа на својот уставен мандат, господинот Груевски. Дали го смета за одговорен. Господинот Груевски, наместо да реагира како што се очекува од него, даде изјава од која стана јасно дека господинот Елмази за своето однесување има заштита од господинот Груевски. Сите други приказни околу демократијата на господинот Груевски што секојдневно ни ги дава во неделните вести, се на страна.

Очекувавме неговиот претпоставен во Министерството за внатрешни работи, министерот, да не заборавиме дека господинот Елмази само го заменува министерот во неговите овластувања и дека нема никакви изворни надлежности согласно Уставот и законот, да најде доблест и да соопшти дека има одговорност кон неговиот прв, условно да кажам, потчинет соработник. Госпоѓицата министер за внатрешни работи Јанкуловска исто така не најде храброст и се задскри зад зборовите дека не видела, дека не можела доволно јасно да види што се случува и дека нема никаква одговорност, односно покрај ДПА, покрај тоа што самиот себе се заштитува на начин кој апсолутно не му е потребен во неговата политичка кариера, подоблесно ќе беше да поднесе оставка, покрај заштитата од мандаторот премиерот Груевски, ја доби заштитата од своето непосредно работно опкружување. Според се што се случува денес во Парламентот станува совршено јасно дека партиите кои припаѓаат на владеачката коалиција, на чело со ВМРО-ДПМНЕ, ќе му пружел заштита за ваквото однесување на господинот Елмази.

Каква порака се праќа?

Првата порака е дека за своето однесување тој не сноси одговорност и дека тој може да продолжи да се однесува така. Всушност, се праќа порака дека и други можат да продолжат да се однесуваат така. Одговорност за тоа нема. Нема да го повторувам тоа што на сите им е јасно што всушност тој направи, тоа го елабoрираше и господинот Жерновски.

Што понатаму?

Ова е господа колеги и пратеници за нас јасна политичка ситуација која се разрешува на

техничко ниво. Дозволете да направам една споредба. Ако играте фудбал има правила. Кога топката ќе го напушти фудбалското игралиште се изведува аут од спротивната екипа на тој што ја исфрлил топката надвор од игралиште и тука нема дебата. Исто и овде, господинот заменик министер за внатрешни работи физички нападна пратеник со ништо не предизвикан од страна на пратеникот, туку напротив, тој пратеник беше задржан физички, понатаму вербално разговарано и нападнат од страна на заменик министерот. Едноставно очекувавме институциите чија капа е Собранието на Република Македонија да дејствуваат технички за ваков политички пристап, покрај одговорности кои се на релација на нападнатиот пратеник - Елмази кои можат да завршат судски, иако и Министерството за внатрешни работи може по слжбена должност тоа да го направи, но не го направи, требаше да се реагира технички, едноставно да се свири аут за господинот Елмази. Меѓутоа, тука се прекршени елементарните правила на демократијата. Само да потсетам на јавната изјава на господинот Положани кој рече пред телевизиите: кога сум нападнат физички и со клоцање од страна на заменик министерот за внатрешни работи, кажете ми каде да се обратам да се жалам. Во нормална ситуација кога луѓето се нападнати одат да се жалат во Министерството за внатрешни работи.

За нас дилеми нема, ниту има некаков можен излез од оваа ситуација. Единствениот излез во услови кога тие што се над него, Елмази, Јанкуловска и Груевски не најдоа демократски сили да го сменат или да поднесе оставка, е Собранието да ја изгласа интерпелацијата, многу кратко, многу јасно и многу едноставно. И ние ќе гласаме така, за интерпелацијата.

Аргумент повеќе на крајот за сето ова е самиот настап на господинот Елмази, интерпелацијата е поднесена од пет пратеници има само една точка во која тој физички нападна наш колега пратеник во Собранието, господинот Елмази не најде храброст да соопшти на ова Собрание ништо околу наводите во интерпалацијата, па макар и лажна изјава да даде за да се оправда сам пред себе, да го оправда Груевски, да ја оправда и Јанкуловска и сите вас кои ќе гласате во негова корист, да каже не е точно, не го удрив. Ниту таа храброст не ја собра, туку ни зборуваше за 2001, 2002, 2003, 2004, 2005 година, ни зборуваше за настани кои се случиле откако оваа интерпелација е поднесена после месец дена, зборуваше за се освен за интерпелацијата. Неговиот говор всушност, вашиот говор господине Елмази всушност беше најјаката аргументација зошто интерпелацијата треба да се усвои, затоа што и вие самите немате никаква одбрана од неа. Благодаран.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Дали некој е за реплика?

Тројца пратеници се јавија за реплика.

Три минути реплика пратеник господин Каба Гарип, повелете.

**Гарип Каба:** Благодарам.

Почитувани пратеници, внимателно го сослушав господинот Никола Поповски и оваа денешна интерпелација мислам дека ќе ја консумира работата на Анкетната комисија која расправаше во однос на ова прашање, значи парламентарна комисија која расправаше во врска со инцидентите случени во Собранието.

Би сакал да му реплицирам на господинот Поповски во неколку делови кои ги изнесе пред пратениците.

Во прв ред, во манир на инсинуации и измислици невообичаени, кои овој пратеник постојано од говорницата ги искажува, јас би сакал да му кажам: не се секирате вие за инцидентот, ниту за пратникот за кој говориме, ниту за нападнатите за кои говориме, ниту за Азис Положани, ниту за Албанците во целина. Како вообичаено, вашиот вокабулар е “раздели и владеј”. Ова е вашата клучна поента.

Второ, вие сте навикнале господине Поповски со сценарија кои претходно ги подготвувате и сакате тие да се практикуваат и да одат според вашите замисли. Но да ви кажам една работа, Албанците нема да толерираат во ниту еден момент вие да манипулирате во овој Парламент, да манипулирате со Албанците и преку овие методи кои сакате да ги пренесете создавате поголем раздор.

Ние како ДПА ја познаваме работата на заменик министерот не само во актуелната Влада, туку го знаеме неговиот придонес во континуитет уште од основањето и создавањето на политичкиот плурализам во Македонија, што значи дека овој интелектуалец кој дал доста докази осведочени пред својот народ и како професор, но и како милитант кој со работа ја докажа својата работа и својот милитантизам, ја докажува со пракса својата работа како заменик министер, како стручњак и во првиот мандат во минатата Влада од 1998 до 2002 година, каде за прв пат како заменик министер Албанец во таа Влада ги зеде работите во свои раце и го даде својот придонес како специјалист и човек кој ја докажа својата работа. Затоа, им посакувам на сите други пратеници наследници да бидат внимателни во нивниот вокабулар и со начинот и интонацијата која ја употребуваат пред оваа говорница. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Прво, претпоставувам дека имаше некои да речеме грешки во преводот, затоа што тие што на македонски го слушавме преводот чувме зборови кои се целосно несоодветни, меѓутоа, претпоставувам дека се грешни.

Господине Каба, прво, ова нема никаква врска со односите меѓу Македонците и Албанците во

Парламентот, тоа ви е совршено јасно, само има врска со обидот заменик министер за внатрешни работи физички да нападне односно физички нападна пратеник ништо повеќе.

Ако вие сакате да му помогнете на господинот Елмази и наместо на столбот на срамот во идните три години од неговиот мандат, да го ставите на пиедесталот на демократијата во идните три години, треба да му прифатите интерпелација со што ќе покажете дека во нашиот Парламент физичките напади од претставници на Владата врз парламентарците се недозволени, особено не ако доаѓа од човек кој како самиот кажа ги има за најдобри пријатели Јанкуловска, Мијалков и Тодоровски и најдобри соработници. Ако со таков бег граунд вие напаѓате пратеник, што ние да мислиме овде. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за потпретседателот, господин Бесим Догани, повелете.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине потпретседател.

Ќе му одговорам на пратеникот Никола Поповски на неговиот мајчин јазик за да докажам дека имам квалитет повеќе од него што тој не може мене да ми се обрати на мојот мајчин јазик и ќе се пофалам малку во таа смисла.

Како второ, ние господине Поповски не се криеме како вие и вашите коалициони партнери, туку ние јуначки и искрено баравме оваа точка да биде прва на дневен ред, а не да биде 40-та и никогаш да не дојде на ред за интерпелација, така на господинот Димов сега ние треба да му одредиме ден за интерпелација, бидејќи остана од вашата коалициона Влада.

Исто така, ќе ве замолам и вас и вашите колеги кои ќе се јават за збор да не употребуваат инсинуации, да не кажуваат нешта кои не се верифицирани и потврдени, како што е според вас нападот на господинот Елмази кон некој пратеник. Ако треба да се говори за тоа, тогаш тука е пратеникот со име и презиме, може самиот да се јави и да каже што мисли тој во таа насока, а не вие.

Што се однесува до нашата совест господине Никола Поповски, таа е многу чиста, многу почиста од вашата, но јас ќе ве прашам: колку мирно спиевте вие, а знам дека можеби многу помирно сте спиеле и слатко, кога не го сменивте Чокревски, кога не го сменивте Џанго кој го поддржувавте, а знаете дека зад нив стоеја стотици невини жртви. Дали стотици невини жртви се помалку отколку јас условно да ве нападнам вас или вие мене, било вербално или било како поинаку.

Зошто вие спиевте мирно кога господинот Бранко Црвенковски не го сменивте кога покажуваше прст после илјада жртви етнички Албанци единствено во Гостивар. Каде ви беше сонот тогаш? Зошто тогаш не бевте толку голем граѓанин, толку голем космополит, толку голем албаносакач па да излезевте против овие господа сега што ги споменав.

Кога и како господинот Рефет Елмази ќе даде оставка и дали ќе даде, тоа е негова лична работа, бидејќи тој на тоа место доаѓа како голем професионалец кој не го имале во Македонија до сега. Господинот Рефет Елмази е голем професионалец кој што не сте го имале и тоа е негова одлука дали ќе остане на тоа место или не, бидејќи знаете дека владеачкото мнозинство го подржува.

Зборувавте за цивилизираниот свет. Вие знаете дека ако сте цивилизиран како што кажувате, во цивилизираниот свет одговорноста паѓа кон смислителот на проблемот. Вие добро знаете кој го смислил целиот инцидент и тој треба да одговара, после одговорноста на учесниците, а најмалку на другите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам потпретседателе.

Фалимендери зоти Догани. И јас го знам вашиот јазик по малку. Меѓутоа, немојте да се обидувате да го сведете ова на меѓуетнички односи, зашто ова не се меѓуетнички односи, особено што учесниците во настанот заради кој е поднесена интерпелацијата не се од различно етничко потекло. Меѓутоа, мене ми давате до знаење дека сакајќи се да сведете на 1997, 2001, 2000 и не знам која година, на меѓуетнички односи, вие всушност цело време ни укажувате дека немате аргументација зошто заменикот за внатрешни работи треба да продолжи да ја врши функцијата после ваков целосно недемократски и затоа со секоја реплика повеќе, со секое сведување на работите на некоја друга тема, вие всушност не на мене и на поднесувачите на ЛДП, им укажувате дека вашата аргументација практично не постои, туку се обидувате на мускули од 61 во овој Парламент да заштитите нешто што не се заштитува.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за пратеник господин Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Господин Никола Поповски, намерно излегов на говорницата да ве гледам, бидејќи три недели те следев и те гледав на Анкетната комисија и се зажелив малку повторно да те видам.

Што се однесува до интерпелацијата што денес ја поднесувате против нашиот почитуван заменик министер за внатрешни работи, сте ја промашиле професијата како пратеници во Парламентот. Зошто го велам тоа? Требаше да имате малку свест, прво господинот Жерновски, па заклучно со вас господине Ристо Пенов, потоа госпоѓа Роза Топузова Каревска, па вие Борис Кондарко, па вие Никола Поповски и да почнете работите да ги објаснувате по сегменти, барем како што бевте сведоци кога се работеше во Анкетната

комисија. Вие свесно ги прескокнувате сите овие сегменти што се случуваа во Парламентот на Република Македонија на 25-ти септември, а иницијалната railcapsicapisla беше токму во овој Парламент и токму од опозицијата, кога вашата госпоѓа Шекеринска, која на Анкетната комисија рече “мојот врат не се витка” каде е сега да го витка вратот и да гледа позади кој е против Парламентот на Република Македонија, кој е против демократијата кога од говорница беше прекинат пратеник во своето излагање, значи неговото демократско право прво вие не го почитувавте. Почнавте да викате од место “веќе ништо не важи”. Ова што сега зборувате против Рефет Елмази се измислици. Измислици се заради тоа што во тој сегмент се повикувавте на една слика од телевизија, бевте во Комисија, требаше да предложите, научно да го испитате случајот, прво, дали мрднала некоја нога тука во однос на тоа дека удрил некого. Како што рековте, на вербалното кажување на Азис Положани “зошто ме удираш”, колку тој имал право тоа да го каже, има право и заменик министерот да каже јас не те удирав.

Второ, за такво нешто треба да се донесе лекарско уверение, да се документира. По тој принцип вие тоа не го баравте. Што барате сега, да не заладите нас Албанците? Тоа ви е целта господине Никола Поповски, вие уживате во тоа, ама нема да успеете, вам ви кажуваме дека нема да успеете. Оваа држава ќе влезе во НАТО, оваа држава ќе влезе во Европската унија, само вие ќе бидете обрукана категорија и ќе ги изгубите и тие малку гласачи што ви останаа. Благодарам.

(Аплауз од некои пратеници)

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник, господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Господин Рамадани, вие и овие од ВМРО-ДПМНЕ кои што ви аплаудираа на вашата дискусија денес, веројатно е дека заслепени од тоа што се случува продолжувате со нанесување на штета самите на себе. Ако мене како припадник на СДСМ ме прашате дали до крајот на мандатот за нас ќе биде полезно да остане заменик министер сегашниот со толку нарушен интегритет во јавноста, или да се смени и да дојде некој со нов непипнат легитимитет, за нас е полошо да го направите второто. Меѓутоа, вие очигледно одите сами против себе. Јас тука немам ништо. Вие повторно се обидувате на меѓуетнички односи да сведете се. Тука нема меѓуетнички односи, заменик министер физички нападна пратеник, тој за тоа треба да сноси одговорност. Ако вие тоа не го сватите, работите нема да се променат. Кога работите нема да се променат ...

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Јас се извинувам колеги, не дофрлувајте од место.

**Никола Поповски:** Ако вие тоа не го направите, само на Македонија и оставате еден товар повеќе за сето ова што се случува тука на ваша штета.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Продолжуваме со расправа.

Ако се држиме до договорот на координацијата, ако успееме барем тоа да го направиме, предлагачот е пријавен и имаше договор во секој момент да може предлагачот или заменик министерот да дадат свое видување.

Во тој случај, господине Жерновски, дали вие останувате...

Благодарам.

Има збор пратеник господин Тахи Рхани, повелете.

**Тахир Хани:** Почитувани пратеници, најпрвин ќе почнам со тоа ќе кажам една моја мисла дека во ова Собрание и пред пратениците и пред поширокиот јавност, сакам да ги убедам дека сакам да говорам со полно убедување дека ја говорам вистината. Меѓутоа, со начинот на функционирање на овој Парламент, со формата на функционирање, по се изгледа сме дошле до ситуација проценката на критериумот за правдата некаде по пат е исчезната и тешко е да се најде тоа што е вистиско и правилно.

Јас сакам да нагласам дека основниот став на секоја политичка партија што претендира да ја земе власта во една држава, сигурно дека како начело го има функционирањето на правната држава и функционирањето или пак владеењето на правото. Меѓутоа, во една земја за да функционира правната држава и за да владее правото, сигурно дека таа политичка класа што излегува на избори, која ветува на граѓанинот и на населението дека ќе ја управува земјата кон една убава иднина, ќе создаде поубави и подобри услови за живот на населението, дека ќе гарантира и ќе обезбеди права на граѓаните и на некој начин ќе ги штити правата и слободите на граѓаните.

Јас сакам да истакнам дека Парламентот е највисоко законодавно тело на една земја и од Парламентот извира и втората власт односно Владата, при што сите именувани или избрани од страна на Парламентот одговараат токму пред Парламентот. Значи Парламентот е контролен орган на извршната власт односно на Владата.

Јас сакам да нагласам дека Владата е обврзана да одговара за својата работа пред Парламентот. Во оваа насока сакам да нагласам дека и соодветните министерства, соодветните министри и тоа што на оваа седница имаме интерпелација на заменик министерот за внатрешни работи, истиот е обврзан да одговара за својата работа пред Парламентот.

Секако, интерпелацијата е вистинска, или пак на место затоа што јас мислам дека доблест на секој поединец или индивидуалец е да биде автокритичен и во моментите кога ќе увиди дека не ја врши својата должност на потребно ниво, тој треба да даде отказ на функцијата која ја има.

Пред мене е Законот за внатрешни работи и во членот 1 став 2 на дециден начин се вели дека МВР треба да гио штити односно да го обезбеди животот на граѓанинот, неговата безбедност и имотот на секој граѓанин.

Ставот 4 вели дека МВР ќе ги чува правата и слободите на граѓаните на Република Македонија кои се гарантирани со Уставот.

Секако, МВР, во еден став подолу се нагласува дека треба да го чува и редот и мирот на граѓаните.

Јас сакам да истакнам дека до колку овој Парламент именувал еден заменик министер кој би требало да ги штити правата и слободите на граѓанинот, безбедноста на граѓанинот, тогаш ќе поставам прашање, дали е негово право да врши надзор над некој пратеник, независно од тоа дали тој пратеник гласал или не гласал при неговото именување. Всушност Собранието е орган што го избрал и непосредно тој одговара пред тој пратеник, како што одговара и пред сите пратеници кои гласале при неговиот избор односно именување.

Интерпелацијата дали е на место или не.

Сигурно, сакам да истакнам дека интерпелацијата е методологија на форма на одговорност на избраните лица, во оваа насока и на заменик министерот за внатрешни работи, за неговата работа што ја врши како функционер на Владата. Во овие моменти заменик министерот за внатрешни работи треба да одговори посебно за настаните од 25 септември, конкретно за физичкиот напад што го направи кон пратеникот Азис Положани и за тоа пратеникот Азис Положани сведочеше пред Анкетната комисија, настан кој е снимен, настан кој не бара коментар затоа што оваа снимка е претставена или е емитувана не само на локалните и националните медиуми, туку и на меѓународните медиуми, така што апсурдно е да настојуваме да се убедуваме меѓу себе за тоа што се случи при овој настан затоа што во текот на овој настан реално имавме физички напад кон пратеникот Азис Положани од страна на заменик министерот за внатрешни работи.

Овој настан, така како што истакнаа и претходните пратеници, беше тема на расправа и во меѓународните центри, така што Меѓународната заедница во оваа насока сврте внимание за политичка одговорност и законска одговорност на сите оние кои учествуваа во настаните од 25 септември. Јас мислам дека, како Брисел така и Вашингтон и многу други амбасадори кои истакнувале и дале свој суд за настаните од 25 септември, тие имаат целосно право.

Се сеќавам на изјавата на амбасадорката на САД, пред Комисијата за одбрана и Комисијата за надворешна политика, кога нагласи дека судбината на Република Македонија, судбината за нејзино зачленување во Европската унија и НАТО навистина зависи од одлуката на 26-те членови на НАТО. МЕѓутоа пред се причината за добивање или недобивање на поканата е самата Република Македонија. Во тој правец, сигурно Република Македонија ќе изгради стандарди во согласност со Европската унија, во согласност со НАТО. Меѓутоа уште на почетокот треба да изгради стандарди за да биде дел од стабилноста и дел на НАТО и Европска унија.

Јас сакам да го истакнам фактот дека од Анкетната комисија првенствено пошироката албанска јавност и од граѓаните на Република Македонија, очекуваа тие на непосреден начин да бидат и ги потврдат реалните факти од настаните од 25 септември. Нешто што беше толку многу очекувано од граѓаните за да можат непосредно да бидат и да се убедат за фактите од 25 септември, првенствено беше само високо љубопитство, меѓутоа понатаму се трансформира како убедување дека ние не сме толку мериторни во овој Парламент, до толку повеќе, Парламент кој не е мериторен за судот на граѓаните, се подразбира дека и Владата исто така не е мериторна да управува и да раководи во ова општество кон едно подемократско општество и кон Европската унија и НАТО.

Мислам дека во тој правец МВР треба да има предвид и еден етички кодекс на полицијата во кој кодекс се предвидени и однесувањата на службените лица кои се во униформа и се заштитени со законот. До колку МВР во своите законски нормативи има предвидено и форми на одбрана, исто така предвидува кога треба да употреби сила МВР. МВР е орган кој може да употреби сила, меѓутоа сигрно таа сила треба да биде во согласност со законот и Уставот. Од друга страна, во моментот кога функционерите, владините функциониери, до толку повеќе и службените лица на МВР го прекршуваат законот и Уставот и тие треба да сносат одговорност. Во тој правец во МВР имаме Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди кои секоја забелешка, било да е јавна или непосредно од граѓаните, или од некој друг, се третира како надминување на професионалната должност. Ние од МВР побаравме да ни ги даде сите акти, извештаи и потребни материјали за реално да прцениме каде стои вината и кој колку бил виновен при овие настани. За жал, МВР не ни даде документи и материјали кои беа побарани од членовите на Комисијата за членовите на Анлетната комисија да имаат реална слика или преглед на тоа што се случило, за да ги утврдат реалните факти. Така што и Секторот за внатрешни работи воопшто не го има земено предвид фактот од настанот во Парламентот.

Јас сакам да истакнам дека до колку народните избраници, именувани од страна на Собранието, имаат бенифиции, тогаш имаат и законска обврска и одговорност.

Јас ќе водам сметка за мојот говор затоа што мојот говор остава трага, историска, животна трага, за тоа што јас го велам и тоа што сакам да го кажам денес, сакам да се држам до тоа цел мој живот. Сигурно може да има мислење дека нас не ни треба конфликт, како што некој може да

процени. Меѓутоа причината или виновникот сме самите ние и никогаш одговорноста и вината не се фрла на некој друг. Одговорноста, совеста, значи ние треба да бидеме совесни дека до колку имаме бенефиции, ние треба да бидеме пример за сите граѓани, за тоа како го почитуваме законот и како го почитуваме Уставот, од причина што до колку еден устав, нека е тој лош, или пак некој закон, нека е тој и лош, до колку се почитува сепак е подобар од сите устави и закони во светот.

Пред малк заменик министерот за внатрешни работи спомна настани кои се случувале во мандатот на владеењето на ДУИ. Воопшто не сакам да навлегувам во таа тема, за настаните од тој период затоа што трагите од тој временски период, кога и да е ќе се расветлат. Денес живееме во современо време кога секој збор е регистриран, запишан, секое дејствување е запишано или регистрирано и денес, утре или после неколку години вистината ќе излезе на видело. Во оваа насока сакам да нагласам дека основната одговорност е за мандатот што вие како парламентарно мнозинство, значи вие раководите моментално, вие кои сте преземале одговорност да управувате со земјата, кон една подобра и поубава иднина, кон безбедност и мир.

Сигурно МВР е најзначајниот орган во една држава и јас мислам, кога МВР ја врши својата долност на вистинско ниво, во согласност со законот и Уставот, тогаш кога граѓаните ќе ја дадат најпозитивната проценка за овој сектор, кога граѓаните ќе се чувствуваат најбезбедни во овој сектор, кога во овој сектор ќе имаме колку што е можно помалку насилство, тогаш државата и граѓаните ќе се чувствуваат посреќни.

Јас мислам дека периодот од 2005 година и пред тоа е минато за една политичка класа која беше на власт. Сега од 2006 година наваму имаме нова Влада или власт и оваа власт треба да одговара за активностите што ги презема. Треба да даде одговор за настаните што се случуваат во една земја, во една држава во која се случуваат настани со кои имаме губење на животи. Во една земја каде граѓаните не се чувствуваат безбедни, сигурно дека тоа е голема одговорност.

Сакам да спомнам дека во Македонија се случи настанот Ваксинце. Како и да се случил, сепак таму имаме две жртви, имаме две семејства обвиени во црно. Се случи и Бродец. Воопшто не сакам да навлегувам во суштината на настаните, развојот на настаните во Бродец. Сакам да ја гледам реалноста и ќе кажам дека таму имаме шест жртви Албанци, имаме употреба на прекумерна сила, имаме комбинирана акција со воен кодекст или код, што се нарекува Планинска бура. Секој добро знае што значи Планинска бура. Секој знае дека одговорноста на МВР е да употреби и да ги искористи сите методи и потребни механизми за да не се дојде до крвопролевање и тогаш акцијата е успешна.

Ние не можеме да сметаме дека Бродец е успешна акција или операција кога таму имаме шест семејства обвиени во црно, каде што имаме трауматизација на децата, на семејствата и на сите луѓе.

Сигурно ние како Албанци, денес или утре, сме одговорни и основната вина е наша затоа што ние пред тие граѓани сме излегле со најголемата одговорност и сме побарале нивна доверба за да управуваме со земјата следните четири години, значи со народот. До колку тие ни верувале на овој или на оној начин, со нивното гласање, тогаш ние треба да бидеме многу одговорни. Животот е многу краток, Трагите остануваат многу долго.

До колку некој мисли дека со употреба на диктаторски елементи може да се одржи на власт тогаш мислам дека многу греши. Употребата на диктаторските елементи уште повеќе ќе ве навлече во одговорности кои после се се неповратни, затоа што еден процес кој отпочнува и процес кој под секој услов има само власт, нема добри текови. Владите се алтернативни, власта е алтернативна. Тоа е разликата меѓу плурализмот и монизмот. Во монизмот имавме една власт која можеше да живее со децении, во име на народот, со употреба на сила и употреба на државните институции во штета на народот. Употребувајќи, инструментализирајќи државни институции во име на една политичка класа на власт животот може да биде многу долг, меѓутоа граѓаните, дали долго време ќе е сеќаваат на тој временски период.

Јас сакам да истакнам една книга со 100 најпознати фигури на светот. Авторот себе си си поставува прашање зошто треба да се категоризира на прво место. Тој вели, одлучив да го рангирам под број 1 затоа што во времето на неговото владеење тој имаше највисок развој во општеството.

Наместо оваа политичка гарнитура, било да е опозициона или позициона, но дотолку повеќе што е позициона, да се гордее со безбедност и стабиност, со благосостојба и со животни стандарди, ние сеуште имаме кризни ситуации, ние сеуште имаме убиства, сеуште имаме семејства кои се обвиени во црно.

Почитувани пратеници, политичкиот систем не може да се одржува само од страна на еден човек. Доколку знаеме да изградиме стабилен политички систем, тогаш сигурно дека не е многу значајно кој е заменик министер за внатрешни работи. Јас мислам дека неодговорниот гест на заменик министерот кон пратеникот Азис Положани, не е не знам каков гест во споредба со многуте настани кои се случиле, не е не знам каков гест во однос на една категорија на граѓани кои доживеале господ знае што во нивните животи, меѓутоа, сепак е функционерска одговорност, етичка одговорност, одговорност на која треба да се даде пример пред граѓаните. Јас мислам дека не е многу значајно дали ќе се гласа за разрешување на заменик министерот за

внатрешни работи, колку што е значајно нивото на одговорност на оваа политичка гарнитура која презела одговорност да управува со граѓаните. Ние сакаме нив да ги оптеретуваме со разни такси и даноци кого просечната плата на граѓаните не преминува 250 евра, додека политичката класа живее со високи бенефиции. Тогаш, доколку ние живееме со бенефициите кои ни се добиени од овие граѓани, тогаш треба да им го дадеме вистинскиот пример за тоа колку ние ќе бидеме одговорни за нашите активности во општествениот и јавниот живот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Согласно договорот на координацијата, а реков на почетокот каков беше, сега треба да говори господинот Ружди Матоши.

Бидејќи договорот беше двајца од опозицијата, еден од позицијата, затоа оставив резерва. Меѓутоа, тоа е договорот. Сега треба да говори еден пратеник од позицијата. По редоследот треба да биде господинот Ружди Матоши.

(Пратеникот Рафис Алити бара процедурално)

Се извинувам колега Матоши, процедурално ако може ќе соопшти, јас реков и на почетокот дека вие не учествувавте на координација како пратеничка група.

Повелете, кажете го вашиот став, дали стоите на таа координација.

**Рафис Алити:** Ви благодарам потпретседателе.

Парламентарната група или поточно јас како координатор на парламентарната група на ДУИ вистина е дека денес не сум учествувал на координација, но не сум учествувал и минатата недела. На овој начин ние нема да учествуваме и понатаму на координации кои се свикуваат од господинот Љубиша Георгиевски.

Нашите причини зошто не учествуваме на тие координации ќе ги објавам од причина што секогаш сме учествувале и секогаш сме го почитувале договореното, но господинот никогаш не го почитуваше договорот постигнат меѓу координаторите. Но, по координациите направени во Охридската сала секогаш дополнително се координирал со координаторите на партиите од власта. Ова е причината зошто не учествуваме на тие координации и за нас договорите кои вие ги правите во Охридска сала нема да важат се додека вие не ги почитувате истите договори.

Ние како парламентарна група ќе почитуваме тоа што е Деловник на Собранието, а не тоа што некој се договара без наше присуство. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Почитуван колега ова е нов момент. Вие не бевте, јас тоа го реков пред да ја почнам расправата. Дури на координацијата лично инсистирав дека можеби тоа нема да помине. Тие игри, за жал, почитуван колега сега јас сум изманипулиран да го повредам Деловникот и го повредив. Го продолжив работното време после 18,00 часот без да донесеме одлука.

Сега, како што ве разбрав, вие рековте прво претседателот на координациите, а потоа рековте вие. Сега под "вие" не знам кој спаѓа, јас и колегата Догани.

Јас си земам сега за право да објавам пауза од 15 минути и сега јас ве повикувам во Охридска сала да се договориме. Во спротивно јас ќе ја прекинам, бидејќи јас бев изманипулиран и го повредив Деловникот.

Единствено легитимно останува дисплејот и нешто легитимно да продолжи расправата останува дисплејот и правилата кои се зацртани во Деловникот.

15 минути пауза, ќе ве повикам на координација. Благодарам.

(Паузата започна во 18,20 часот)

(По паузата)

Колеги, согласно договорот на координација и добрата волја од пратеничката група која не учествуваше на координација, за денеска ја прекинувам расправата, продллжуваме, со одреден договор, утре во 11,00 часот со истата седница.

Ви благодарам.

(Седница прекина со работа во 19,10 часот)